


# Старец Јосиф: поуки

извадок од книгата *Elder Joseph the Hesychast*, од Старец Јосиф Ватопедски

**За осветувањето и бестрастието**

Веќе спомнавме колку е тешко да се опишат духовни факти. Уште еднаш повторуваме, и додаваме дека е мошне смел обидот да се навлезе во длабочината и широчината на просветлените умови и духоносните битија. Но овој потфат е уште потежок кога човекот што се нафаќа на него е неук и недораснат на задачата. Па затоа 'сите наши грижи ги оставивме на Господа' (1. Петр. 5, 7) за да може Тој во 'богатството на Неговата благост' (Рим. 2, 4) да им открие на срцата на нашите читатели 'што е ширината и длабочината и висината' (Ефес. 3, 18) на духовното царство, во кое 'сите оние што се управуваат по Духот Божји' (Рим. 8, 14) влегуваат и во кое се движат, станувајќи и останувајќи синови Божји. 'На сите што Го примија... им даде сила да станат синови Божји' (Јован 1, 12).

Во духовната сфера, човечките правила од секојдневната логика не важат, затоа светиот Павле ги ослободува духовните луѓе од обврски, велејќи: 'Законот не е востановен за праведник' (1. Тим. 1, 9). Но, во текот на подвигот, што е во доменот на она што допрва треба да стане, се јавуваат очигледни недостатоци. Повикани од незнаење кон знаење - а со тоа и кон вера и покајание - ние, човечките суштества влегуваме во круг на учење и развој, во кои колку повеќе напредуваме, толку повеќе ја намалуваме празнината на нашите претходни недостатоци. Ние гледаме делумно, ние напредуваме делумно, ние се восовршуваме делумно: и ова се случува по благодат и милост Божја. Во овој делумен напредок, кој е во согласност со нашата природа, треба да се очекува да се појават недостатоци, кои, сепак, не се должат на отклонувањето или отстапувањето на нашата правилна намера, ниту пак на застранувањето 'во лево'. Тоа е повеќе налик на она што се случува со сонцето. Кога сонцето сѐ уште го нема достигнато својот зенит, неговите зраци не ја осветлуваат позадината на телото за да го облеат целото тело со светлина. Со други зборови, духовниот воин сѐ уште нема стигнато непосредно под полнотата на благодатта и од таа причина тој сѐ уште во себе има нешто непросветлено и, следствено на тоа, некои недостатоци: но дури и така, полнотата и совршенството се неговата животна цел.

Речиси потполниот недостиг на опит во духовниот живот, го наведува современиот човек да поставува многу прашања, кои постојано ги слушаме во нашите секојдневни средби и разговори. Осветувањето - со други зборови, восовршувањето во Бога - и неговото вистинско значење се скоро секогаш погрешно толкувани од оние што се далеку од вистинскиот опит. Во страв и скромност, дозволете ми да спомнам нешто од она што Отците го имаат кажано на оваа тема, за да го протолкувам значењето и важноста на осветувањето во светоотечкиот дух. Во изложувањето и коментарите на кажаното од великодостојните Отци, ќе проговориме за тоа што се подразбира под 'осветување' - каде започнува, кон што води и како се стекнува - со цел да помогнеме да се добие некој вид ориентација.



пештера свети Атанасиј, Света Гора

За секого е можно да вкуси некаков вид осветување - бидејќи подвигот и патот кон целосно осветување напредува низ неколку етапи. Секој човек, кој повеќе кој помалку, може и треба да стигне до една или друга од овие етапи. Патот што води во осветување и восовршување во Христа е покајанието. Бидејќи ние 'сите згрешивме, и сме лишени од славата Божја' (Рим. 3, 23). Додека се искачуваме по лествицата на покајанието, наидуваме на различни степени на осветување. Ова е дефиницијата на вистинското покајание: човекот повторно ја стекнува божествената благодат, што преку гревот ја изгуби, или од која беше лишен заради животот далеку од верата и познанието на Бога. Повторното стекнување на благодатта не е нешто делумно туку полнота на восиновувањето, кое Христос им го дарува на верните преку Неговата Црква. Ако сакаат, верните можат да стигнат до совршенството - во онаа мера во која тоа е можно - кое Отците го делат на три состојби: очистување, просветлување и совршенство. Третиот степен се нарекува совршенство или бестрастие или божествено знаење или љубов кон Бога. Исто така се нарекува и 'почитување на Саботата и починок', кога човек отпочинува од делата на покајанието, исто како што Бог отпочина од Своите дела во седмиот ден.

Великиот Максим Исповедник наведува три поопшти состојби што обично се сретнуваат кај монасите, со кои се одликуваат оние што се движат кон осветување[1]. Првиот се состои во тоа 'воопшто да не се греши со дела': ова е етапата на очистување, и духовниот воин, после 'борбата според правилата' (2. Тим. 2, 5), ја надминува состојбата што е во спротивност со природата. Вториот е кога 'душата не општи со страсни помисли': ова е состојбата на просветлување, што се одликува главно со способноста да се прими божествената просветленост, така што умот ги контролира острастените помисли. Третата состојба, на совршенство, е кога ние можеме 'во умот бестрасно да замислуваме лик на жена и на оние што нè навредиле': во оваа состојба душата преуспева во доближувањето до слободата, бидејќи дури и ако сè уште се присутни страсни претстави во умот, тие не можат да ја придвижат душата да се оскверни со нив, а



пештера Катунакија,
каде што Старец Јосиф имаше видение на три отроци

ова е повеќе или помалку главната цел во духовниот живот. Правилната употреба на претставите во умот, ја следи правилната употреба на предметите, и на овој начин злото, општо земено, е уништено, зашто ако некој не греши прво во умот, тој нема никогаш да згреши ни со дело - како што велат Отците.

Верата, стравот Божји, ревноста што произлегува од ова и беспоговорното потчинување на заповедите го умртвуваат страсниот дел на душата, кој на овој начин во својата полнота се насочува кон Бога бидејќи, според зборовите на Апостолот, 'она што е смртно е проголтано од животот' (2. Кор. 5, 4). Тогаш сетилата функционираат само според законот на потребата; тие ѝ се потчинети на самоконтролата, и на овој начин раѓаат плач и свест за нашата огревовеност.

Иако восовршувањето трае до нивоата за коишто зборувавме, сепак можно е делумно да се учествува во бестрастието. Во овие три состојби, иако човек сѐ уште не е целосно восовршен, тој сепак го има спознаено законот на слободата макар и делумно, и има стекнато опит во осветувањето. Истата личност е во состојба да ги опише прецизно и двете положби: онаа на благодат и на грешење, на добродетел и на порок, на подвиг и на пораз и, воопшто, тајните на невидливата војна.

На друго место свети Максим разликува четири степени на бестрастие[2]: првиот вид е воздржување од нагонот на телото кон правењето грев. Вториот е целосно изгонување на страсните помисли од душата. Третиот е целосно згаснување на страсната желба. Четвртиот е целосно исклучување на сите сетилни претстави од умот. И свети Павле разликува два вида на совршенство, сметајќи се себеси и за совршен и за несовршен. Тој вели, 'не дека веќе го достигнав ова, или дека веќе сум совршен' и веднаш потоа, 'така да мислиме ние кои сме совршени' (Филип. 3, 12; 15).

Но сметаме дека следните светоотечки извадоци од „Добротољубието" ќе ни помогнат поцелосно да ги сфатиме термините осветување и бестрастие. Според свети Максим Велики, 'осветувањето е целосно, потполно сопирање и умртвување на желбата во сетилата'[3], и 'бестрастието е мирна состојба во која душата не може лесно да се придвижи кон зло'[4]. Според авва Таласиј, 'Личноста на која не влијаат ниту материјалните предмети ниту сеќавањето на нив, има постигнато совршено бестрастие'[5]. Дијадох, епископ Фотикиски, вели дека 'бестрастието не е ослободување од демонските напади... туку да се остане непоразен кога демоните напаѓаат'[6]; а на друго место ја дава следната дефиниција, 'не само отклонувањето од злото пораѓа чистота, туку и активното уништување на злото преку подвигот во доброто'[7]. И авва Исаак Сирин вели, 'Бестрастие не значи дека ние не ги чувствуваме страстите, туку дека не делуваме според нив. Зашто преку многуте и различни добродетели што ги имаме стекнато, како скриените така и очигледните, страстите внатре во нас ослабеле и не можат лесно да ѝ се противат на душата, и умот не секогаш мора да им обрнува внимание'. И пак Марко Подвижник кажува, 'Врз умот што по Божја благодат прави добродетелни дела и дошол близу до знаењето, сосема мало влијание има злиот и

бесловесен дел на душата. Зашто неговото духовно знаење го грабнува во височините и го прави туѓ на сè што е световно'. Свети Ефрем Сирин исто така вели дека 'оние што се бестрасни, ненаситно посегајќи кон она што е крајно достижно, бесконечно се восовршуваат, зашто вечното добро нема крај'.

Овие дефиниции, кои не се и единствените, го опишуваат, во мерата во која тоа им е возможно на човечките суштества, совршенството, кое всушност останува бесконечно бидејќи - како што кажува апостолот -'овде по нешто гледаме и по нешто знаеме' (1. Кор. 13, 9); и дури кога во иднината ќе дојде конечното совршено 'тогаш ќе исчезне делумното' (1. Кор. 13, 10).

Дотука е должноста на човекот како словесно суштество - а природата бара од него да стои цврсто во тоа. Ако се прекршат овие правила, словесноста се сведува на бесловесност и неприродност. Да не греши и да постапува праведно за човекот претставува закон на природата, а следствено на тоа и должност. Законите на благодатта почнуваат одовде натаму: од една страна тие се продолжеток на она што претходно се случувало, но не се пропишани за сите луѓе, зашто се ретки и тешки за постигнување, особено во услови на живот во заедница. Кога Го запрашаа Господа што треба човек да прави за да се спаси, тој отпрвин го наведе исполнувањето на заповедите, исто како и великиот Претеча како проповедник на покајанието. Само на оние што тежнееја кон највисоко совршенство Господ им заповеда одрекување, и да Го следат Него во сè (Мат. 19, 21).

поуки

Стојејќи цврсто на првата позиција и чувајќи ги заповедите, праведниците во сите векови беа нарекувани чисти и непорочни. Павле често ги нарекува 'светии'. Во второто писмо до Коринтјаните тој ги спомнува сите светии во Ахаја, додека во писмото до Римјаните на неколку места зборува за служење на светиите во Ерусалим, и слично. Лука кажува дека родителите на Јован Крстител беа 'и обајцата праведни пред Бога постапувајќи според сите заповеди и повелби Господови без погрешка' (Лука 1, 6).

Но, доаѓањето на Бог Словото и земањето на нашата природа од страна на Неговото Божествено величие, го возвиши човекот до полнотата на неговото совршенство, до неговото првично назначение. Да се биде 'според образ и подобие', како основа на личносната, сега му се даде на човекот во наследство. Оттогаш наваму благородни суштества, боголики намери, божествени по својата форма цели - со нашиот Господ Исус како архетип - го надминуваат законот на должноста, 'законот на заповедите' (Ефес. 2, 15), и влегуваат во догмата на љубовта, бидејќи од Архетипот примија благодат и сила 'да вршат поголеми дела од овие' (Јован 14, 12), под Негова власт и раководство. Благородниот натпревар да се влезе зад највнатрешното покривало, каде што Исус, средиштето на нивната љубов, влезе - стана и остана нивна главна грижа. Држејќи се настрана од причините и околностите што ја наведуваат нашата падната природа да застрани, тие го продолжуваат овој ненадминат подвиг и - според авва Исаак - 'скитаат по пустини и планини и пештери и земни бездни, раководени среде безредие'. Втемелени на осветено

самоодрекување, овие богољубиви души со погледот кон небесата, не само што се одрекоа од светот и сè што е во него, туку и од сопствените души. И на овој начин, лишени од сè свое 'било внатре, надвор, или околу нив', тие сосема ѝ се предадени на благодатта Божја и на 'борбата според правилата', под раководство на нивните наставници во Бога. За време на доживотниот натпревар на нивното туѓинување тука тие го чуваат 'крстот стегнат и светилата запалени' (Лука 12, 35), согласно заповедта Господова, и очекуваат 'сила од горе' и ветувањето на Отецот (Лука 24, 49). 'Освети ги со Својата вистина; Твоето слово е вистина' (Јован 17, 17). 'Јас во нив и Ти во мене... за да биде љубовта со која Ти Ме возљуби во нив, и Јас во нив' (Јован 17, 23, 26).

[1] „Втора стотина за љубовта“, 87; „Филокалија“, ii. 80.

[2] „Трета стотина на разни текстови“; „Филокалија“, ii. 222.

[3] „За Господовата молитва“; „Филокалија“, ii. 291.

[4] „Прва стотина за љубовта“, 36; „Филокалија“, ii. 56

[5] „Трета стотина“, 42; „Филокалија“, ii. 321

[6] „За духовното знаење“, 98; „Филокалија“, i. 294.

[7] „За духовното знаење“, 98; „Филокалија“, i. 294.



Старец Јосиф Спилеот со братството